**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**25ти Јануари 2010**

**Аналитичка студија „Смртта и даноците“, од Меѓународна политичка мрежа, Лондон**

Скопје, 25 Јануари- Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД како партнер Институт, ја најавува новата аналитичка студија објавена денес од страна на тинк тенкот Меѓународна политичка мрежа од Лондон, кој прикажува дека увозните даноци на медицинските производи низ светот постепено опаѓаат, но сепак во некои земји истите остануваат доста високи- како данок на болните.

Глобалниот просек е 3,5 проценти, подолу за 5 проценти од 2005 година. Според аналитичката студија неверојатно високи даноци имаат земјите како Иран (30%), Бурунди (15%), Нигерија (14,8%) и Тунис (13%). Други земји со низок приход како Гана и Бангладеш ги зголемуваат цените на медицинските производи со увоз помеѓу 6% и 8%.  Некои земји наплаќаат особено високи даноци на антибиотиците, отежнувајќи ја борбата против инфективните заболувања. Најголемите злосторници се Нигерија (20%), Бурунди (15%), Непал (15%) и Конго (15%).

За разлика од нив, земјите како Руанда, Кенија, Габон и Саудиска Арабија неодамна ги укинаа увозните даноци на медицинските производи, приклучувајќи се кон богатите земји на Европската унија, Канада и САД, како и посиромашните земји како Бенин, Малави и Јужна Африка.  Даночните стапки на Индија паднаа од 35% на 10% од 2001 година.

Република Македонија се наоѓа на 62-то место, и има измерен просек од 3,91 што е малку повисок од светскиот просек, а проста средна вредност од 2,19 малку пониска од светскиот просек.  Исто така, Република Македонија спаѓа во листата на земјите со укинат данок на активните состојки. Меѓудругото, Република Македонија спаѓа во листата на земји кои плаќаат повеќе данок на готов лек отколку на самите состојки за лекот. Процентот на даночната стапка на Република Македонија е 5%. На Балканот единствена земја која има данок на лековите исто како и Република Македонија е Босна и Херцеговина. Имено,

Босна и Херцеговина се едно место над нас и имаат измерен просек од 4,1 и проста средна вредност од 2,19.

Авторот на студијата Филип Стивенс рече: „Многу земји со низок данок на доход имаат висок степен на заболувања кои лесно може да се третираат со соодветни медицински лекови.

Недостаток на соодветен здравствен систем значи дека многу луѓе мора да платат за лековите од својот џеб. Поради тоа неразумно е Владата да им зима данок на болните луѓе.“

„Сите земји треба да се стремат да ги укинат медицинските даночни стапки и да се приклучат кон зголемување на бројот на земјите кои ставаат вакви неразумни даноци за болните луѓе“, рече Стивенс.

* * *

Мисијата на Институтот ОХРИД е да им обезбеди на македонската јавност и на политичките институции алтернативни перспективи за прашањата од обласста на економијата и надворешната политика, за постигнување на слободно, правично и просперитетно општество. Работата на Институтот ОХРИД се базира на универзалните идеали на демократија, индивидуална одговорност, слободна пазарна економија и претприемништво.